Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

- Сектор за финансиски систем –

**Предмет**: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамки на соработката во областа на банкарството помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека на 14ти, 17ти, 18ти, 19ти, 20ти и 21ви мај 2021 година во Скопје ќе се одржи Virtual classroom семинар на тема: "**AML-CTF Foundation Level**".

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF - www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е да го продлабочи знаењето на учесниците за Европските стандарди за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, да се запознаат учесниците со фазите и методите за перење на пари.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби. Целна група се вработени во комерцијалните банки, вработени во централната банка и другите супервизорски тела.

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. **Учеството не предвидува плаќање на котизација.**

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки.

Апликациите се доставуваат најдоцна до **6ти мај (четврток) 2021 година** на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.
Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица:
Горан Мојаноски тел: 3255-538, email: goran.mojanoski@finance.gov.mk
Иван Недев тел: 3255-370, email: ivan.nedev@finance.gov.mk